ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

[redacted]

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
**Број на сертификат: СТ-16/3-023**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Сектор за управување со прет-пристапни фондови од ЕУ за рурален развој (ИПАРД)

Бр. 11- 6760/1
05. 06. 2018 год.

Ул. Аминта Трети бр. 2
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. (02) 3134 477
Факс: 02) 3134 477

Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

*Врз основа на поглавје V, Член 8, Работа на Комитетот, од Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД, усвоен на 1 март 2018 година, Комитетот за следење на ИПАРД, ги донесе следниве :*

## ОДЛУКИ И ЗАКЛУЧОЦИ
### од третиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

*1) На третиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД кој се одржа на 17 мај 2018 година, присуствуваа претседателот на Комитетот за следење на ИПАРД и членови или нивни заменици (од вкупно 29 членови со право на глас), односно 19 членови, со што е постигнат кворум за донесување на следните одлуки:*

Во врска со точка 1 од дневниот ред: „Усвојување на предлог Дневниот ред за третиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД"

Одлука бр. 1: Комитетот за следење на ИПАРД го усвои Дневниот ред за третиот (пролетен) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД.

Во врска со точка 2 од дневниот ред: „Усвојување на Записникот од претходниот (втор) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД одржан на 12 декември 2017 година"

Одлука бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД го усвои Записникот од вториот состанок, кој се одржа на 12 декември 2017 година, како конечен.

*2) На третиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД кој се одржа на 17 мај 2018 година, од страна на претседателот на Комитетот за следење на ИПАРД, беа донесени следните заклучоци:*

Во врска со точка 3 од дневниот ред: „Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот (втор) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД"

Заклучок бр. 1: Комитетот за следење на ИПАРД, беше информиран за напредокот во спроведувањето на одлуките/заклучоците од вториот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД.

Во врска со точка 4 од дневниот ред: „Информација во однос на ИПА Мониторинг Комитет одржан во март 2018 година"

Заклучок бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД, се информираше во однос на ИПА Мониторинг Комитетот одржан во март 2018 година.

Во врска со точка 5 од дневниот ред: „Статус со спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020", потточка 5.1: „Информација во однос на пристигнати барања на првиот Јавен повик за ИПАРД 2014-2020"

Заклучок бр. 3: Комитетот за следење на ИПАРД се информираше во однос на пристигнатите барања на првиот Јавен повик за ИПАРД 2014-2020.

Во врска со потточка 5.2 од дневниот ред: „Информација за статусот со доверување на задачите за спроведување на буџетот за мерка Рурална инфраструктура"

Заклучок бр. 4: Комитетот за следење на ИПАРД се информираше во однос на статусот со доверување на задачите за спроведување на буџетот за мерка Рурална инфраструктура.

Во врска со потточка 5.3 од дневниот ред: „Воведување на нови мерки ИПАРД 2014-2020 / Дискусија во однос на прва модификација на ИПАРД Програмата"

Заклучок бр. 5: Комитетот за следење на ИПАРД се информираше во однос на новите мерки ИПАРД 2014-2020 и првата модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020.

[redacted]

Во врска со точка 6 од дневниот ред: „Активности за техничка помош", потточка 6.1. „Прогрес на активности во однос на спроведување на АПТА 2018"

Заклучок бр. 6: Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за напредокот во спроведувањето на АПТА 2018.

Во врска со потточка 6.2 од дневниот ред: „Прогрес на активности за комуникација и публицитет за 2018 година за ИПАРД 2014-2020"

Заклучок бр. 7: Комитетот за следење на ИПАРД, се информираше за прогресот на активности и комуникација за публицитет за 2018 година за ИПАРД 2014-2020.

Во врска со точка 7 од дневниот ред: „Информација за функционирање на системот за управување и контрола на ИПАРД"

Заклучок бр. 8: Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за функционирање на системот за управување и контрола.

Во врска со точка 8 од дневниот ред: „Дискусија/презентација на финален извештај за ИПАРД 2007-2013"

Заклучок бр. 9: Комитетот за следење на ИПАРД се информираше во однос на финалниот извештај за ИПАРД 2007-2013.

Nefrus Çeliku

Претседател на Комитетот за следење на ИПАРД

Изготвил: Јасмина Хаџибулиќ
Контролирал: Александра Дика
Одобрил: Живко Брајковски